РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 1015-15436/1
19-11-2019 год.
СКОПЈЕ

Друштво за развој на информациони системи ГОВЕ ДОО
Бр. 03-1911/2
18.11.2019 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И РЕПАРИРАЊЕ НА ГЕОДЕТСКИ ИНСТРУМЕНТИ И ОПРЕМА

**ДЕЛ 3-Набавка на услуги за репарирање на стари геодетски инструменти**

## I.ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Агенција за катастар на недвижности**, ул.Трифун Хаџи Јанев бр.4, Скопје, Република Северна Македонија застапувана од **Директорот м-р Борис Тунџев**, во понатамошниот текст „Договорен орган" од една страна

и

2. **Друштво за развој на информациони системи ГОВЕ ДОО Скопје**, со седиште на улица Хо Ши Мин бр.51/Б, Скопје, застапувано од **Директор/Управител Зоран Величков** со жиро сметка бр. 380176993006115 депонент на Прокредит Банка и даночен број 4030005564809 во понатамошниот текст „Носител на набавката" од друга страна.

## II.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е **услуги за одржување и репарирање на геодетски инструменти и опрема** и тоа **ДЕЛ 3-Набавка на услуги за репарирање на стари геодетски инструменти** согласно Спецификација бр.1034-280/2 од 09.10.2019 година, оглас бр.09663/2019 година, по спроведена постапка на набавка од мала вредност и Понуда пратена по електронски пат преку ЕСЈН од 16.10.2019 година без постигнато намалување по спроведената електронска аукција на ден 21.10.2019 година.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупната вредност на Договорот за ДЕЛ 3-**Набавка на услуги за репарирање на стари геодетски инструменти** изнесува **50.000 (педесет илјади)** денари без ДДВ и висина на ДДВ од 18% во износ од **9.000 (девет илјади)** денари.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Времетраењето на договорот е **12(дванаесет) месеци** почнувајќи од денот на склучувањето.

## VI. РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКА

Член 5

Носителот на набавката е должен да одговори на барањето на АКН и да преземе конкретни дејствија во рок од 24 часа од поднесувањето на барањето. При секоја поединечна постапка за репарирање на одреден геодетски инструмент, извршителот на услугата е должен да ги идентификува и специфицира потребните дејствија кои што треба да ги преземе и да изготви соодветна пред-пресметка која ќе ја достави на одобрување до одговорното лице од АКН. Репарирањето се извршува по добиено одобрување од одговорното лице од АКН.

## VII. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Носителот на набавката ќе ја достави фактурата по извршување на услугата.

## VIII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Во случај на доцнење со извршување на предметот на договорот ,од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Во случај кога носителот на набавката нема да ја изврши услугата во рокот определен во член 5 од овој Договор , истиот е должен да му исплати на Договорниот орган договорната казна во висина на 0,3 % од вредноста на неизвршените услуги за секој ден на задоцнување но не повеќе од 5 % од вкупната цена определена со член 3 од овој Договор.

## IX. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 8

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата/те на Договорниот орган во времето и начин опишан во член 5 на овој договор.

Носителот на набавката ја извршил обврската од став 1 на овој член, по правило, кога поволностите на услугата/те се ставени на располагање на Договорниот орган.

Член 9

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата/те за потребите на Договорниот орган на начин и состојба согласно Техничката спецификација и условите утврдени во тендерската документација.

## X. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 10

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на Носителот на набавката, по извршувањето на услугата/те во рок од 60 (шеесет) дена од денот надоставувањето на фактура од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.

Член 11

Носителот на набавката сукцесивното ќе ја извршува услугата/те, а Договорниот орган е должен да ја исплати цената за секоја извршена услуга во моментот на нејзиното целосно ставање на располагање на Договорниот орган.

Член 12

Договорниот орган е должен да врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка е во согласност со условите од договорот.

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно извршувањето на услугата/те.

## XI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 13

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## XII. ВИША СИЛА

Член 14

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.